**УДК 791.65.079:39(497.5)„2013“**

**Ендру Хоџис (Велика Британија)**

# V. ЕТНОФИЛМ ФЕСТИВАЛ (Ровињ, Република Хрватска, 24–27 април 2013)

Во текот на изминатите четири дена, околу 1.000 посетители присуствуваа на петтиот Етнофилм фестивал во Ровињ, Република Хрватска, за да го следат, да дискутираат и да дебатираат за изборот на филмови, кој се состоеше од професионални етнографски до телевизиски продукции што се однесуваат на антрополошки теми. Фестивалот беше отворен со шармантниот „Другарот Ферлин“ (Comrade Ferlin), филм со убедливо биографски и наративен фокус, кој ги следи активностите и ангажманите на еден поранешен партизан додека се враќал по своите стапки повторно посетувајќи ја фабриката каде што работел, како и современите ангажмани за одржување на традицијата, вклучувајќи организирање посета на Кумровец, родното место на Тито. Иако филмот не беше продуциран од филмски продуценти со антрополошка обука, во текот на целиот филм имаше етнографско чувство при фокусирањето на пренесувањето на личното доживување на другарот Ферлин од негова перспектива.

Како невизуелен антрополог, не бев во можност критички да ги анализирам техниките што се употребени за составување на филмовите, но секако бев во можност да ги согледам различните антрополошки теми и пристапи на кои се однесуваа многу од филмовите, опфаќајќи класични прашања во дисциплината. Една особена тензија што беше присутна е онаа помеѓу филмовите што се фокусираа на „прикажување на културата“ – честопати направени со сторија или аргумент. Ова беше случајот со „Убавицата на вечерта“ (The Gorgeous of the Evening), филм во кој се дискутира и се прикажува како народниот карневал во Рушчица, Славонија, карневал во кој традиционалните родови улоги се заменети преку костимите, се има приспособено на модерните времиња. Во други случаи дадената сторија или аргументот беа помалку очигледни, што наметна прашања за тоа што може широката публика без познавања од антропологијата да извлече од тоа – навистина многу жители на Ровињ со ентузијазам присуствуваа на фестивалот. Други филмови беа направени со поексплицитни идеолошки аргументи, како што е ТВ-продукцијата „Новозеландски приказни“ (New Zealand Stories), која ги следеше активностите на група хрватски доселеници во Нов Зеланд, зборувајќи за нивниот развој на „духовна врска“ со Маорите. Иако овој филм беше интересен при следењето на активностите на доселениците, тој не ги разгледуваше мислењата или перспективите на имигрантите што одбиле да бидат идентификувани како Хрвати по пристигнувањето, или што не ги сметале за важни ваквите прашања за идентитетот. За мене, ова го истакна прашањето за тоа дали филмовите требаше да бидат гледани како етнографски текстови, со критичка анализа и толкување што треба да бидат направени од страна на публиката – подвиг што бара одредена количина на образование во социјално-антрополошки теми, или дали филмовите може да се сметаат за комбина-

ции од текстови и критичка анализа, преку кои публиката може да се едуцира. Во случајот со телевизиските продукции и филмовите наменети за нестручна публика, вторите изгледаат како посоодветни.

Значителен број од прикажаните филмови учествуваа во натпреварувачкиот дел, во кој имаше неколку присутни автори. Имаше четири филмски категории: филмови од професионални етнолози/антрополози, филмови од професионални етнолози/антрополози за телевизиска продукција, филмови од студенти на етнологија/антропологија и филмови направени од автори што не се професионални етнолози/антрополози. Во првата и во последната категорија беа доделени заеднички награди на двајца автори, на секој посебно. Победници во првата категорија беа Андреј Михаи Леха за неговиот филм „Бабалуда Луда – гледајќи во себе“ (Babaluda Luda Looking at Themselves) – награден за развој на традиционалната култура со користење на визуелни методи – и Питер Биела за неговиот филм „Претседателот и лавовите“ (Chairman and the Lions), кој ја доби наградата за прецизност во антрополошкото набљудување и употреба на стручно знаење. Во последната категорија победници беа Тобиас Линднер со „Оранија“ (Orania) за застрашувачкиот приказ на наследството од колонијализмот и суптилното кадрирање на лажен мир и Рам Девинени и Кано Рохас, чиј филм „Кула од луѓе“ (The Human Tower) следеше одредена практика – натпревари во правење кули од луѓе на карневалите – на голем број локации низ целиот свет. Конечно, победници во втората и третата категорија беа Иво Кузманиќ за филмот „Жетва во Црквари“ (Harvest Ethnofictional) за оригинална соработка со заедницата и претставување на работата како кохезивен елемент на општеството. И на крајот, наградата за студентски филм му припадна на Бен Читам за филмот „Чекорејќи напред“ (Moving Forward) за заземање сочувствителен пристап во однос на прикажувањето на нееднаквоста помеѓу луѓето.

Покрај филмовите на фестивалот, исто така, се одржаа уште неколку други настани. Изложбата наречена „Фотографија: помеѓу етнологијата и егзотизацијата“ ја потенцираше важноста за почитување на комбинациите на слика и текст како целина – беше интересно да се споредат коментарите во книгата за посетители што јасно имаа површен поглед на сликите, гледајќи во нив односи на колонијалната експлоатација и сексуализација на „домородците“, во споредба со оние што го имаат прочитано придружниот текст и размислувале за проблематиката на ставот дека изложбата била дизајнирана да го стимулира посетителот. Покрај изложбата, особено беа значајни специјализираните предавања. Јас присуствував на предавање организирано од страна на Питер Биела, директор на Програмата за визуелна антропологија на Државниот универзитет во Сан Франциско. Биела, кој вршел теренско истражување помеѓу Масаите во Кенија и Танзанија во текот на период подолг од дваесет години, организира две работилници: серија за хипермедиуми и подоцна работилница што се занимава со едукативни филмови со социјално водство како наставна алатка. Едукативните филмови започнуваат со претпоставката дека менувањето на начините на размислување на луѓето и однесувањето во врска со прашањата како што се сексуалните практики и родовите односи не е секогаш најдобро постигнато преку пренесување порака на авторитарен начин, како што е често случај со јавните информациски видеоклипови. Наместо тоа, тие се дизајнирани да поттикнат дискусија што, во вистински контекст, ќе ја стимулира публиката повторно да размисли и да се преиспита во однос на своите мислења или на пристапот кон

одреден начин на дејствување. За време на предавањето, научивме повеќе за техниката, контекстите во кои таа најуспешно и најмалку успешно функционира и научивме за нејзината употреба во социјалниот активизам.

Во текот на сите три фестивалски денови беше сончево, а по церемонијата на доделување на наградите на завршната вечер, фестивалот заврши со музика во живо и пијалаци.